# ЗАПИСНИК

## од деветата седница на Управниот одбор на ЗЕЛС

Скопје, 22 мај, 2018 г.

# ЗАПИСНИК

од 9-та седница на Управниот одбор на ЗЕЛС

**Присутни**:

Петре ШИЛЕГОВ, Висар ГАНИУ, Аце КОЦЕВСКИ, Максим ДИМИТРИЕВСКИ, Аљбон ЏЕМАИЛИ, Благој БОЧВАРСКИ, Стефан БОГОЕВ, Коста ЈАНЕВСКИ, Медат КУРТОВСКИ, Миликије ХАЛИМИ, Сашо ПОЦКОВ,

Управниот одбор го усвои следниот:

ДНЕВЕН РЕД

1. Разгледување на содржината на Нацрт- Проектот, предложен од Владата на Република Северна Македонија за остварување на енергетската ефикасност во областа на јавното осветлување;

2. Разгледување на иницијативата за утврдување на форми на унапредување на соработка на општините со АД "ЕВН", Скопје (на седницата е поканет претставник од Бордот на директори на ЕВН);

3. Разгледување на состојбата во областа на противпожарната заштита во Републиката (известител – Претседателот на Мрежата на ТППЕ при ЗЕЛС г. Владимир Симоновски, Командант на Противпожарната Бригада на Град Скопје).

4. Одлука за одржување на четвртата седница на Генералното собрание на ЗЕЛС;

5. Усвојување на финансискиот извештај на ЗЕЛС за 2018 година;

6. Одлука за отуѓување на движна ствар – моторно возило во сопственост на ЗЕЛС;

7. Одлука за кооптирање на членови во телата и органите на ЗЕЛС (новоизбрани градоначалници на општините Ново Село, Дебар и Охрид);

8. Разно

ПРВА ТОЧКА: Разгледување на содржината на Нацрт- Проектот, предложен од Владата на Република Северна Македонија за остварување на енергетската ефикасност во областа на јавното осветлување;

На седницата присуствуваше и проектот го образложи Проф. Др. Мирослав ГРЧЕВ, Советник на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија кој го образложи Нацрт – Проектот предложен од Владата на Република Северна Македонија за остварување на енергетската ефикасност во областа на јавното осветлување.

<u>**Дискусија**</u>:

1. Констатирано е дека општините немаат конкретна поддршка во развој на концептите и модалитетите во поглед на заштеди во комуналната дејност на уличното осветлување. Процесот на инвентаризација, и изготвување на физибилити студија, може да се направи само со взаемна координација помеѓу ЗЕЛС и Владата на Републиката за да има севкупен ефект. Оттука е добро Владата да го препознае овој проект, како концепт на ЗЕЛС и на општините, а координацијата, изборот на моделот и стратешкиот интерес како форма на партнерство помеѓу централната и локалната власт.

2. Партнерството би подразбирало формирање на взаемна оперативната група која ќе ги анализира и поврзува грантовите кои треба да ја премостат оваа празнина до сега. Најголемата пречка е воочена во инвентаризацијата, изработката на проектна документација, анализата и физибилити стуцидија која треба да покаже дали треба да се пристапи кон склучување на јавно – приватно партнерство или општината треба самостојно ја спроведе оваа активност. Таа влезна инвестиција не е занемарлива, особено доколку се обезбеди како грант од ЕБОР кој има средства точно за оваа намена, но истите треба да ги побарува или Владата или координирано ЗЕЛС и по тој основ да се обезбеди премостувањето на инвестицијата во истражување, правна подршка, логистичка и интер-ресорна координација со секоја општина поединечно или група општини. На тој начин би се добила и временска рамка за овој зафат со затворен инвестициски циклус на општините за следните 5 години.

3. Целта е овој проект да не се разбере како концепт само за неколку општини, туку за сите општини, кои може да се групираат согласно истородните интереси и специфичности.

4. Целата концепт практично се самофинансира, затоа што промената ќе ја отплаќа инвестицијата и тоа е самата конструкција на ЈПП, под услов така да се одлучи во рамките на взаемната оперативна група.

5. Градот Скопје веќе е во понапредна фаза на реализација на ваков проект поврзан со уличното осветлување, со оглед дека на 3 јуни е закажано јавното отворање по објавениот тендер. Концептот на овој проект на градот е во рок од 4 години преку остварената заштедата средствата да се вратат назад. Условите подразбираат формирање на конзорциум за “смарт” инвестиции вклучително и “смарт” осветлување со контролиран надзор дали системот ќе функционира и на 3 години се врши отплатата. Заштедата се очекува да достигне и 70 проценти, а вкупниот буџет е 100 милиони денари. По истек на реализацијата на проектот опремата останува во сопственост на градот.

6. Моделот не е единствен за сите општини со оглед на бројот на жители, географските карактеристики, конфигурација на теренот, атрактивност за инвестирање од страна на приватни партнери итн. Затоа низ реализација на проетот ќе се предвидат повеќе модели,

Општина Куманово исто така е во завршна фаза на реализација на ваков проект кој самостојно го развила кој може во иднина да се користи како позитивно искуство од страна на другите општини. На јавниот повик се јавиле 4 компании, а целиот проект треба да донесе поврат на инвестицијата од 21 процент за да биде исплатлив.

7. Нагласено беше дека со реализацијата на ваквите зафати настанува и отпад кој општината исто така треба да го има во предвид заради трошоците за негово депонирање.

8. Доколку ЗЕЛС го подржи овој проект, оперативната група би се формирала во најкраток можен рок, за од есен да започне првата реализација на активностите. Оваа група ќе го избере моделот, но и општините кои би биле кандидати за првичниот пробен пакет на општини. Очекуваната заштеда би се движела помеѓу 25 и 27 проценти со висок ефект на заштеда и до 45 милиони денари.

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор на ЗЕЛС ја разгледа и усвои содржината на Предлог - Проектот за остварување на енергетска ефикасност во областа на јавното осветлување во Република Северна Македонија и и предлага на Владата на Република Северна Македонија во најкраток можен рок да формира оперативно тело во кое ќе се вклучат претставници на ЗЕЛС со цел дефинирање на натамошните постапки на Владата и на единиците на локалната самоуправа за да се избегне застој во процесот на реализација на енергетски – ефикасно јавно осветлување.

**ВТОРА ТОЧКА**: Разгледување на иницијативата за утврдување на форми на унапредување на соработка на општините со АД “ЕВН”, Скопје (на седницата е поканет претставник од Бордот на директори на ЕВН);

На седницата беше поканет и присуствуваше претставник на АД, “ЕВН”, Скопје, г. Сашо Стојковски.

Дискусија:

1. Претставниците на ЕВН укажаа на отворените прашања кои се појавуваат како пречки во нормалното остварување на правата во постапките во кои како надлежен орган се јавува општината, групирани по шест основи и тоа:

А. Постапки за стекнување со право на долготраен закуп.

Согласно Зкаонот за градежно земјиште барањето се поднесува еелектронски, но има пробивање на законските рокови. Во некои случаи овие постапки траат и неколку години, а краткотраен закуп е претходен услов за добивање на одобрение за градење. Барањето е овие постапки да бидат поажурни и да ги задоволиме роковите за приклучоци и да го зголемиме квалитетот на услугите.

Б. Постапките за издавање на одобрение за градење во надлежност на општините.

Апелот е постапките на заверка на проектната документација – за основен и инфраструктурен проект да траат пократко. Со одлагањето и надминувањето на предвидените рокови се пролонгира изградбата на некој капитален инфраструктурен објект. Забележана е и лошата пракса на неунифицирана постапка на заверка на проектната документација. Заверката на проектната документација била одбивана заради неусогласени гасоводни траси и за општини каде нема гасоводна мрежа.

В. Постапките на донесување на урбанистички планови. Согласно закон ЕВН е должен да присуствува на јавните расправи при јавна презентација на план. Постоеја недостатоци во фазата на давање на мислења и согласности кои од стран ана ЕВН се надминати и по барањата се постапува ефикасно. Негативните согласности се заменуваат со условена и утврдена траса за дислокација.

Барањето на ЕВН е општините да го подобрат урбанистичкото планирање, да изработуваат и донесуваат поквалитетни урбанистички планови, за да не се повторуваат ситуации каде со планот е утврден блок на згради за колективно домување а не е предвидена локација за трафостаница. Блокот може да опфаќа и над 20 објекти.

Г. Постапката на одземање на право на користење, поврзано со Законот за експропријација и градење на објекти и изведување на работи од јавен интерес траат предолго. ЕВН бара поголема ефикасност во однос на роковите и во оваа постапка.

Специфично е тоа што ЕВН само поднесува иницијатива до општина додека истата понатаму сама ја води постапката. Долготрајноста на постапката се рефлектира на приклучувањето на нови објекти.

Д. Постапката на легализација на бесправно изградени објекти. Во овие постапки многу често се случува да не се консултира ЕВН дали објектот може или не да се легализира. ЕВН е заобиколен во постапката на  легализација, па се случува да се легализираат објекти кои се наоѓаат под далекувод вон сите стандарди, а доведен е во опасности и имотот и животот и здравјето на граѓаните. Одговорноста е на товар на органот кој го донел актот на легализација, а истиот го издава Градоначалникот кој во немили случаи ќе ја понесе целата одговорност.

Ѓ. Услови за нови приклучоци. Согласно Закон, ЕВН не смее да приклучува објекти на електричната мрежа кои немаат одобрение за градење или решение за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект.

ЕВН веќе подолго време инсистира на нецелисходност на ваквото законско решение и бара ова ограничување да се отстрани од Законот, но истото до овој момент не е прифатено. Олеснителна околност за ЕВН да издаде согласност за приклучок е доколку општината даде изјава дека постапката за легализација е во тек. Притисокот од имателите на бесправни објекти е голем, но ова ограничување не може да се прескокне.

Кај стандардните наспроти нестандардни приклучоци, концептот е објектите да бидат приклучени побрзо и со понизок надомест, а услов на класификација на стандарден наспроти нестандарден приклучок е постоењето на урбанистички план.

***

Присутните беа запознати дека вкупната траса на мрежата на ЕВН изнесува околу 650.000 км. а дека општините инсистираат на запазување на стандардите, дислокација на постојните мрежи и спуштање на инсталациите под земја, како и малиот и нерамномерен степен на инвестиции на ЕВН во општините и превисоките трошоци кои општините заради ослободување на атрактивно градежно земјиште.

Од страна на претставниците на ЕВН беше посочено дека трошоците се реални, па и доколку истите се регулираат и доколку општините се ослободат од плаќање на овие трошоци за дислокација, ЕВН ќе мора да ги засмета во цената на струјата која на крај ќе ја платат граѓаните односно потрошувачите.

Присутните членови на Управниот одбор истакната дека општините имаат проблем во фазата на изработка на планови или проектирање кога се бараат податоците од сите субјекти кои имаат мрежи кои треба да се усогласат и ажурно и детално да ги достават до општините.

Беше укажано дека на седницата на Управниот одбор ЗЕЛС ги доби  забелешките од ЕВН, но дека и општините имаат свои барања кон ЕВН кои треба организирано да бидат доставени преку ЗЕЛС. Оттука, најдобро решение е формирање на взаемна работна група

која ќе ги утврди меѓусебните отворени прашања и ќе предложи решенија за нивно надминување.

ЗАКЛУЧОК: Управниот одбор на ЗЕЛС ја разгледа иницијативата за утврдување на форми за унапредување на соработка на општините со АД "ЕВН", Скопје и одлучи да формира работна група која ќе ја предводи членот на Управниот одбор, градоначалник на општина Куманово г. Максим ДИМИТРИЕВСКИ, која ќе одржи заеднички состаноци со АД "ЕВН", Скопје и ќе изготви законски и оперативни решенија со цел унапредување на соработката на општините со АД "ЕВН", Скопје.

**ТРЕТА ТОЧКА**: Разгледување на состојбата во обласа на противпожарната заштита во Републиката

Дискусија:

На седницата, во својство на известител присуствуваше Претседателот на Мрежата на ТППЕ при ЗЕЛС г. Владимир Симоновски, Командант на Противпожарната Бригада на Град Скопје кој ги образложи состојбите во обласа на противпожарната заштита:

ОТВОРЕНИ ПРАШАЊА
поврзани со состојбите во противпожарната заштита

1. Прашањето со исплатата на платите на вработените согласно Закон.

2. Усогласување на звањата на вработените во противпожарните единици согласно Законот со кој се утврди статус на службено лице.

3. Транспарентност при распределбата на средствата од страна на ДЗС.

4. Поголем износ на средства наменети за противпожарна заштита врз основа на Закон.

5. Потреба од соодветен број на вработени согласно стандардот утврден со Закон (1 пожарникар на 1500 жители за подрачјето на опфат на противпожарната единица).

6. Негативен тренд на намалување на бројот на пожарникари поради заминување во пензија и укинување на соодветниот износ од блок дотацијата за истото работно место.

7. Тренд на "стареење" на вработените во противпожарната заштита – недостаток на млад кадар.

8. Потреба од востановување на стручно – техничка насока во образовниот систем со степен на образование – пожарникар техничар.

9. Недостаток на утврдени стандарди за утврдување на способноста на кандидатите за вработување во постапката на вработување на нови пожарникари (стандард на психофизичка и здравствена проверка на способноста).

10. Застареност на опремата и возилата.

11. Недостаток на утврдени стандарди за набавка на опрема, униформи, заштитна опрема.

12. Недостаток на пропишан стандард на овластена установа за стандардизирана проверка на опремата.

13. Реорганизација на системот на противпожарна заштита – преклопување на надлежностите на ЦУК и ДЗС.

14. Потреба од воспоставување на тренинг центар за тековна обука и унапредување на способностите на пожарникарите.

15. Извлекување и спасување од сообраќајни незгоди и при елементарни непогоди побаруваат дополнителна опрема, обука и стручни знаења на пожарникарите.

16. Координираност на институциите, единствен информативен центар и центар за прием на повици за полиција, прва помош и пожар.

17. Доброволните противпожарни друштва се нестандардизиран облик на организирање кои ја зголемуваат командната одговорност на управувачот со акцијата за гасење, но нивната способност и знаење не е потврдена и лицата се изложени на дополнителна опасност.

Управниот одбор дискутираше за потребата од транспарентен начин како да се распределат средствата со кои располага Дирекцијата за заштита и спасување, со оглед дека постои депонирана опрема која сеуште не е распределена. Мрежата на противпожарни единици е најсоодветното тело кое треба да го предложи начинот на распределба на средствата.

Управниот одбор побара да се отвори дијалог со вработените во противпожарните единици за да ги повлечат тужените барања со оглед дека истите мора да имаат разбирање за состојбата во која се наоѓаат општините и дека со поднесените тужби ја блокираат сметката на општината.

Беше посочена и потребата од силна заложба за зголемување на износотна блок дотациите за противпожарните единици, за што е потребно да се најде системско решение во преговори со Владата.

Беше предложено буџетските преговори со Владата да започнат веднаш со што ќе биде опфатена и наменската дотација за противпожарните единици за да може да се утврди соодветната наменската дотација.

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор ја разгледа состојбата во областа на противпожарната заштита и иницира остварување на заедничка средба со Претседателот на Владата и ресорните министри меѓу кои и министерот за одбрана, а со цел надминување на невоедначеноста на висината на блок дотациите наспроти обврските на општините поврзани со оперативното функционирање на противпожарните единици

Управниот одбор бара од Дирекцијата за заштита и спасување како законски надлежен орган за набавка на противпожарна опрема и возила до ЗЕЛС да достави список на опрема која ја поседува а потоа во заедничка работна група да се утврдат правилната и начинот на континуирано исполнување на законската обврска на Дирекцијата во доставување на опремата до општинските противпожарни единици.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА**: Одлука за одржување на четвртата седница на Генералното собрание на ЗЕЛС;

**<u>Дискусија</u>**:

Беше предложено седницата да се одржи до крајот на месец јуни со можност истата да се одржи надвор од Скопје кога би било погодно да се поканат и претставниците на Владата со кои би се разговарале отворените прашања, а особено прашањата поврзани со областа на противпожарната заштита, како и прашања околу планирање на буџетот за 2020 година, како и други прашања значајни за локалната самоуправа..

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор го овластува Претседателот на ЗЕЛС во консултација со двајцата потпретседатели да изврши консултација со Владата за можностите за организирање на работна средба и согласно тоа да ја свика следната седница на Генералното Собрание на ЗЕЛС.

**ПЕТТА ТОЧКА**: Усвојување на финансискиот извештај на ЗЕЛС за 2018 година;

**ОДЛУКА**: Управниот одбор го разгледа финансискиот извештај на ЗЕЛС за 2018 година и му предложи на Генералното собрание истиот да го усвои.

**ШЕСТА ТОЧКА**: Одлука за отуѓување на движна ствар – моторно возило во сопственост на ЗЕЛС;

**ОДЛУКА**: Управниот одбор на ЗЕЛС донесе Одлука за отуѓување на патничко моторно возило во сопственост на ЗЕЛС со следните карактеристики:

1. Тип на возило: патничко моторно возило - автомобил
2. Марка: Форд

3. Модел: Мондео
4. Рег. таблички: SK930PA
5. Бр. на шасија (според сообраќајна дозвола): WF04XXGBB45B09120
6. Година на производство: 2005

Управниот одбор со оваа Одлука ја задолжува стручната служба на ЗЕЛС да ја спроведе постапката на отуѓување на моторното возило согласно Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, Законот за сметководство на непрофитните организации и Законот за проценка.

**СЕДМА ТОЧКА**: Одлука за кооптирање на членови во телата и органите на ЗЕЛС (новоизбрани градоначалници на општините Ново Село, Дебар и Охрид);

**<u>Дискусија</u>**:

Поради престанок на мандатите на избраните градоначалници на општините Дебар и Охрид поради смрт и престанок на мандатот на градоначалникот на општина Ново Село поради лични причини, со одржаните избори во текот на месец мај и изборот на нови градоначалници, потребно е истите да биде инкорпорирани со органите и телата на ЗЕЛС. Исто така е потребно е испразнетите места во органите и телата да бидат соодветно пополнети со кооптирање на нови членови.

**ОДЛУКА**: Управниот одбор одлучи упразнетите места во органите и телата на ЗЕЛС соодветно да бидат пополнети со кооптирање на новоизбраните градоначалници на општините во телата и органите на местата на кои биле избрани градоначалниците чиј мандат престанал.

**ОДЛУКА**: Управниот одбор одлучи да му предложи на Генералното Собрание на ЗЕЛС на својата прва наредна седница да донесе Одлука со која упразнетите места во Управниот одбор на ЗЕЛС соодветно да бидат пополнети со кооптирање на новоизбраните градоначалници на општините во телата и органите на местата на кои биле избрани градоначалниците чиј мандат престанал.

**ТОЧКА РАЗНО**:

1. Иницијатива за соработка на компанијата КНАУФ за реконструкција на училници и нивна функционална преобразба во акустични во 10 општини.

Компанијата КНАУФ прославува 25 години работење во нашата држава. За таа цел сакаат, во соработка со ЗЕЛС, да организираат активност со која во 10 општини би донирале средства преку изработка на по една акустична училница во училиштата. Целта на оваа донација е да им се помогне на учениците и наставниците, бидејќи во училниците кои имаат многу ученици е забележано дека тие од последните клупи не можат со ист квалитет да ја следат наставата.

Иако иницијативата на КНАУФ беше донацијата да се подели и 5 скопски општини и 5 општини од внатрешноста да ја добијат донацијата, членовите на Управниот Одбор донесоа заклучок дека оваа донација треба да се даде на руралните општини, кои реално имаат помала финансиска моќ.

ОДЛУКА: Управниот одбор одлучи, донацијата од компанијата КНАУФ да се спроведе во следните општини: Старо Нагоричане, Арачиново, Боговиње, Маврово Ростуше, Центаар Жупа, Ранковце, Богданци, Јегуновце, Василево и Конче.

2. Одлука за зголемување н платите на стручната служба на ЗЕЛС

**ОДЛУКА**: Управниот одбор на ЗЕЛС одлучи да ја зголеми платата н Извршниот директор, Заменик извршниот директор и вработените во стручната служба на ЗЕЛС за 10% (проценти).

**Скопје, 22 мај, 2019 г.**

**Составил:**
**Стручна служба на ЗЕЛС**